БОРЕЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 73/0202
08.04. 2022 год.
СКОПЈЕ

**БОРЕЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**NORTH MACEDONIA WRESTLING FEDERATION**
**Ul. 1732. nr.4. 1000 Skopje. Macedonia. Contact tel: +389 75 506 644**
**www.bfrsm.mk. Email: mkd@unitedworldwrestling.org**

Врз основа на член 38 и 39 од Статутот на Боречка Федерација на Република Северна Македонија,
Управниот Одбор на БФРСМ на седница одржана на ден 08.04.2022 година го донесе следниот:

## ПРАВИЛНИК
## ЗА РАБОТА НА НАТПРЕВАРУВАЧКА КОМИСИЈА

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член1

Натпреварувачката комисија на Боречка Федерација на Република Северна Македонија(во натамошен текст Комисија) е постојано работно тело на Управниот Одбор на Федерација која го прати, организира и унапредува системот на натпревари во Република Северна Македонија.

Член2

Комисијата е составена од три(3) члена,претседстел и двајца членови. Мандатот на комисијата трае четири ( 4 )години.

Член3

Претседателот и членовите на комисијата ги именува Управниот Одбор на БФРСМ. Претседателот на комисијата за својата работа непосредно е одговорен пред Управниот Одбор на БФРСМ.

ЗАДАЧИ НА КОМИСИЈАТА

Член 4
Комисијата работи на организирање и усовршување на системот на натпревари со цел унапредување на борењето на Република Северна Македонија.

Натпреварувањата во сите возрасни категории на Изборни и Државни првенства се организираат по турнирски систем со елиминација и репасаж.

ЗАДАЧИ НА КОМИСИЈАТА
:
-Изготвува предлог годишен план и програма на комисијата и го доставува на усвојување до Управниот Одбор на БФРСМ.
-Ги организира и раководи со поединечните натпревари во борење што се во надлежност на БФРСМ.
-Подготвува предлог- конкурс, пропозиции и извештаи за сите поединечни натпревари во организација на БФРСМ.
-Предлага делегати за сите поединечни натпревари.
-Решава во втор степен по сите жалби и други спорни прашања на поединечните натпревари. -Учествува во изготвувањето на календарот на натпреварите.
-По потреба предлага измени и дополнувања на календарот на натпревари во текот на годината.
-Активно учествува во усовршувањето на системот на натпревари.
-Сорсботува со соодветните комисии на Управниот Одбор со цел да се усклади усвоениот годишен план и програма,како и календарот на натпреварите.

Член 5

Седниците на натпреварувачката комисија се одржуваат по потреба, а ги свикува и со нив раководи претседателот на комисијата.

Член 6

После секое одржано натпреварување во организација на федерацијата, комисијата поднесува писмен извештај до Управниот Одбор и дава предлог за изрекување санкции против клуб кој без оправдани причини не учествува на првенството или го бојкотира истото.

Секое неспортско однесување на натпреварувач или тренер се санкционира од судиката со доделување на жолт или црвен картон.За доделен жолт картон клубот треба да плати казна од 3.000 ден (три илјади денари),а за доделен црвен картон 6.000 ден(шест илјади денари).
Доделен црвен картон на борач или тренер значи автоматска суспензија и истите немаат право на настап се до донесување на конечна одлука од надлежен орган.
Без извршена уплата на изречените паричните казни(најдоцна во рок од 8 дена),клубот нема право да учествува на следните првенства.

Член 7

Бодирањето за освоен пласман по категории на Државни и Изборни првенства се врши на следниот начин и тоа:
- За освоено прво место се доделуваат пет (5)бода
- За освоено второ место се доделуваат четири (4)бода

- За освоено трето место се доделуваат два (2)бода - За освоено петто место се доделува еден (1)бод
По завршување на првенството се собираат вкупните освоени бодови и се врши рангирање на екипен пласман на клубовите.

Член 8

На седницата на комисијата се води записник во кој се внесуваат сите податоци значајни за текот на седницата и донесени заклучоци и одлуки.

Член 9

Толкување на овој правилник дава Управниот Одбор на БФРСМ и претседателот на комисијата.

Член 10

Овој правилник е усвоен на 08.04..2022 година на седницата на Управен Одбор на БФРСМ. Правилникот стапува на сила со денот на усвојувањето од Управен Одбор.

Управен Одбор на БФРСМ
Претседател ма БФРСМ
Дејан Богданов